На 20.01.2020 околу 02.10 часот полициски службеници при СВР Куманово на ул.„Трета македонска бригада" во Куманово забележале едно лице кое предизвикало пожар на моторно возило „шевролет спарк", во сопственост на МВР, кое било паркирано пред поранешен Дом на АРМ. Лицето се дало во бегство, а по кусо време од страна на полициски службеници било забележано на ул.„Боро Прцан", но не ја почитувало дадената наредба за застанување, туку вперило огнено оружје и испукало неколку проектили кон нив, по што побегнало. Нема повредени. Опожареното возило „шевролет спарк" е изгаснато по интервенција од страна на Противпожарната единица Куманово. Во координација со Јавен обвинител извршен е увид на местото на настанот од страна на увидна екипа од СВР Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.